**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИМУНОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип на својата редовна 182. седница, одржана на 26.4.2017 година, донесе Одлука со бр. 2002-125/9 и Решенија со бр.2002-125/26; 2002-125/27 и 2002-125/28 за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област имунологија во следниов состав:

- проф. д-р Васо Талески (претседател) - вонреден професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- проф. д-р Дарко Бошнаковски (член) - вонреден професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- проф. д-р Ѓорѓи Шуманов (член) - редовен професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“, „Утрински весник“ и „Коха“ на 10.04.2017 година. Во предвидениот рок се пријави само Сотирија Дувлис, дипломиран фармацевт, д-р сци, вработена во Институтот за јавно здравје на Р Македонија.

Врз основа на пријавата, доставените документи и по нивното разгледување, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип го доставува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Библиографски податоци***

Кандидатката **д-р сци Сотирија Дувлис** е родена на 4.8.1972 год. во Куманово. Основно и средно училиште завршува во Куманово. Во 1995 година дипломира на Фармацевтскиот факултет во Скопје со просечен успех 8,8. Магистерски труд со наслов „Генотипизација на Human papilloma virus (HPV) кај женската популација во Република Македонија“ го брани на 26.12.2002 година и се здобива со звање магистар по молекуларна биологија и генетско инженерство. Докторската дисертација со наслов „Генетски биомаркери во рана детекција и прогноза на цервикалните промени“ ја брани на 4.5.2016 година и се стекнува со академско звање доктор на фармацевтски науки.

Од септември 2002 година работи во Институтот за јавно здравје на Република Македонија во Лабораторијата за вирусологија и молекуларна дијагностика.

Пред одбрана е на специјалистички испит по клиничка биохемија.

Учествува на многу обуки, тренинзи и работилници од областа на вирусологија, молекуларна дијагностика и хумана генетика.

***Кандидатката д-р сци Сотирија Дувлис <u>не ги исполнува законските услови</u> за избор во звање доцент, односно:***

- магистер е по молекуларна биологија и генетско инженерство;
- доктор е на фармацевтски науки;
- има завршено петгодишни студии на Фармацевтски факултет;
- остварен просечен успех од 8,8 на прв циклус и 9,8 на втор циклус студии;
- *има објавено еден научен труд со оригинални научни резултати, објавени во меѓународни списанија со меѓународен уредувачки одбор во последните пет години, потврда (која не е приложена) за еден поднесен и прифатен труд за разгледување и еден објавен труд во домашно списание, а според законските услови потребни се*

*најмалку четири трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или два научни труда во списание со импакт фактор во последните пет години.*

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Duvlis S**. Popovska-Jankovic K, Serafimovska Arsova Z, Memeti S, Popeska Z, Plaseska-Karanfilska D. | HPV E6/7 mRNA versus HPV DNA biomarker in cervical cancer scrining of a group of Macedonian women | J Med Virology Vol 87 | 2015 IF 1.998 |
| 2. | Zendeli-Bexheti L, Popovska M, **Duvlis S.** | Human Papilloma virus Infection and Associeted Cytomorphologic Alterations in Oral Premalignant Lesions | Medicus Vol 22 (домашно списание) | 2017 |
| 3. | **Duvlis S**. Noveski P, Maleva I, Dabeski D, Ivkovski Lj, Plaseska-Karanfilska D. | Association of TNFa-238, -308, IL-10-592 and IL-4R I75V polymorphisms with susceptibility to cervical intraepithelial lesion and cervical cancer in Macedonian woman | Biomarkers | **Трудот не е објавен, во процес е на разгледување** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р сци Сотирија Дувлис, вработена во Институтот за јавно здравје во Скопје, е единствениот пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во наставно-научната област имунологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Врз основа на приложениот материјал, Рецензентската комисија констатира дека д-р сци Сотирија Дувлис не ги исполнува сите законски услови за избор во звање доцент и не може да биде избрана во звање насловен доцент во наставно-научната област имунологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Васо Талески, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Дарко Бошнаковски, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Ѓорѓи Шуманов, редовен професор, член, с.р.**